# ООУ ,,СЛАВКО ЛУМБАРКОВСКИ,,-НОВАЦИ

## Подготовка на децата за во училиште

Вклучувањето на децата во воспитно-образованиот процес има многу важна улога во правилниот развој на секое дете. Самото вклучување на детето е еден од најважните случувања во животот, каде ќе се соочи со поголеми обврски и ќе запознае нови врсници и луѓе  кои ќе имаат важно место во неговиот живот. Заедничка обврска на сите носители на воспитно-образовниот процес е да му овозможиме на детето пријатен и сигурен престој во училиштето, соодветен развој, позитивна мисла за себе и развој на неговите интелектуални потенцијали.

Се поставува прашањето колку тоа дете е спремно за овај почеток?

Во предучилишниот период од развојот на секое дете најголема улога имаат родителите и воспитувачките од градинките и игротеките кои треба да го припремат детето за почеток на учебната година.Припремата за во училиштето  е процес кој трае во целиот предучилишен период, а посебно неколку месеци, односно триесет до педесет дена пред почетокот на учебната година. Станува  збор за возраст кај детето која е со кратка меморија, безгрижна игра, недоволна социјализација, променлива емотивност, недоволни културнохигиенски навики и припремата треба да се одвива континуирано секој ден  според однапред определени активности.

### Насоки и некои совети за родителите

- **следење на своето дете на социјален план:**

-како се однесува во група на деца
- често влегува во конфликт со другите деца
-дали има емпатија спрема другите деца
-дали има иницијатива спрема одредена активност
-дали игра со други деца (деца кои знаат да играат, кои знаат да осмислуваат игри и ги пратат соиграчите се деца кои се спремни за училишно учење)



- **активности на родителот на емотивен план:**

-активностите треба да бидат кратки и прецизни, нека бидат една до две активности во денот
-наградата треба да биде заедничка игра, а не материјална
-разговор (исполнет со доверба и сигурност најчесто пред спиење и разговорот да биде за актвиностите од тој ден.)
-секојдневна прошетка (до училиштето и играње во училишниот двор и да се укаже за сообраќајот)



## игрови активности на социјален и емотивен план:

-игра во парови (родителот бара одреден предмет од детето асоцира со зборови,а потоа менуваат улоги)

-игра вежбање на емоции ( се црта цвет и на секое ливче се пишува по една емоција детето треба да ја опише таа емоција со што повеќе зборови)

-игри за контрола на своето тело (ден-ноќ ,воз, играње со топка...)

-игра со предмети (опис на предметот, боја, функционалност од што е направен слични предмети на него)



## Стекнување на културно-хигиенски навики

-уредување на неговото работно катче или преуредување на детската соба

-будење во исто време

-стекнување на навики

- лична хигиена,
- самостојно облекување,
- самостојно хранење.



# Стручна служба на училиштето